

Осликан Збор

ОСЛИКАН

ЗБОР

Издавач:
СОУ „Таки Даскало“ – Битола
Ул. „Димитар Илиевски Мурато“ бр.37, Битола

Copyright © СОУ „Таки Даскало“, 2023

За издавачот:
Ристо Грујовски, директор

ОСЛИКАН ЗБОР

Приредувачи:
Весна Мундишевска-Велјановска
Милица Димитријовска-Радевска
Марија Младеновска-Димитровска
Ристо Грујовски

Уредник:
Весна Мундишевска-Велјановска

Ликовен уредник:
Љубица Мешкова Солак

Лектор:
Емилија Величкова

Рецензент:
Елизабета Јончиќ

Печати:
„Графо Пром“
ул. „Димитар Влахов“ бр.3, Битола

Тираж:
200 примероци

Битола, април 2023 г.

ОСЛИКАН

ЗБОР



2023

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

821.163.3-1(082.2)

ОСЛИКАН збор / [приредувачи Весна Мундишевска-Велјановска ... и др.]. - Битола : СОУ "Таки Даскало", 2023. - 56 стр. : илустр. ; 21 см

Други приредувачи: Милица Димитријовска-Радевска, Марија Младеновска-Димитровска, Ристо Грујовски

ISBN 978-9989-925-33-7

COBISS.MK-ID 60136709

Предговор

ОСЛИКАН ЗБОР

Книгата „Осликан збор“ е уште едно вредносно надополнување на низата изданија на СОУ „Таки Даскало“ – Битола во кои се застапени творби создадени од ученици и наставници, односно вработени во училиштето*. Ваквите изданија се наш заеднички влог во запишувањето на историјата на генерации талентирани ученици и вработени, чии објави и дела оставиле оригинален печат во афирмацијата на македонскиот јазик и литература и ликовната уметност (кај нас и во светот), а со тоа, секако, и во афирмацијата на училиштето.

Овој пат тоа се творби чија нишка е зборот, зборот напишан, зборот опишан, зборот осликан, зборот огледан во платното на секојдневието, зборот – слика, сликата – безброј зборови, сликата – поезија на животот...

Во книгата „Осликан збор“ со поетски и прозни творби застапени се 16 ученици од кои 11 се ученици од гимназиско образование, 3 од градежно-геодетска струка и 2 од графичка струка, и 9 наставници и вработени во училишните служби, распоредени по азбучен редослед. Со ликовни творби застапени се 7 ученици од кои 5 се ученици од гимназиско образование, една ученичка од графичка струка и една ученичка од лични услуги, како и 5 наставници и вработени во училишните служби.

Авторите на литературните творби, од редот на учениците, се избрани во соработка со наставниците по македонски јазик и литература кои разбрануваа таленти кои го негуваат пишуваниот збор, од чии творби потоа приредувачите направија избор, додека авторите од редот на вработените се пријавуваа според истакната

* „Cosвездие“, издавач: ДСУ „Таки Даскало“ – Битола, 1997 г. (книга со заеднички творби од тогашни ученици, наставници и ученици од поранешни генерации) и „Извор“, издавач: ДСУ „Таки Даскало“ – Битола, 2000 г. (книга со творби од ученици и наставници)

објава за учество со свој труд во оваа книга (меѓу нив има членови на Друштвото на писателите на Македонија и автори на повеќе самостојни книги).


Изборот на ликовните дела го направи Љубица Мешкова Солак, наставник по Ликовна уметност во СОУ „Таки Даскало“ – Битола, која е ликовен уметник со многу самостојни изложби кај нас и во странство (Берлин, Софија, Истанбул, Париз), добитник на награди и член на ДЛУМ, ИКОМОС и ДЛУБ.

Рецензент е Елизабета Јончиќ, член на Друштвото на писатели на Македонија, авторка која соработувала со СОУ „Таки Даскало“ – Битола во повеќе работилници и акции.

Осликаниот збор е вредносен континутиет на духовната врска помеѓу наставникот и ученикот. И тука сите заедно – ученикот со немирен дух и благородно срце и наставникот секогаш со подадена рака да ги осликува духовните меридијани во разбрануваната душа на детето. Секое дете заслужува да биде почитувано и вреднувано од наставникот, затоа што и целта на оваа благородна професија е да ги отвора дверите на нивниот духовен предизвик. Нивниот збор, нивната мисла е заспаното дете во нас возрасните. Наше е искуството, а нивно е времето. Заедно го вртиме прешленот, ја предеме преѓата на раѓањето на зборот, на тој оган, на таа светлина што нѐ облагородува во намерата да учиме да даваме. Кој им дава ним, на децата, тројно им дава на љубовта, верата и надежта дека светот ќе осамне во боите на божилакот.

Сликата и зборот – ликот и наличјето на потрагата по себе си. Секој од нас нурна во морето од емоции и пребликна во ’рвеникот на страста. Сите заедно го осликавме зракот светлина во окото на битот. Времето ќе биде сведок дека нема ништо помоќно од трагата што секој ја оставил на листот хартија и во завет (ното) на мислата.

Весна Мундишевска-Велјановска,
Милица Димитријовска-Радевска



Миле Атанасоски,
наставник по графички стручни предмети
„Профил 1“, класичен цртеж (молив, туш, хартија) +
дигитален цртеж + дигитална обработка

Антим Атанасоски
IV 11, гимназиско образование

САКАМ ДА РАЗМИСЛУВАМ

Сакам вака осамен на месечината да размислувам
стуткан во астронаутската опрема да се спојам
со умствената вселена, сакам да размислувам
за тоа која е границата на бесконечноста,
шчо напраифме а шчо требаше да напрајме,
дали човековата глупост е побесконечна од
бесконечноста на вселената? Дали смртта
е како италијански мафијашки кум што
те поздравува со „бонасера“ пред да ти го зададе
последниот суд?
Дали се стремиме кон сајберпанк рапсодија,
кон „Стар Трек“ утопија, или
монтипајтонска пародија? Дали апсолутноста
може да се објасни
со теоријата на релативноста, но, едно нешто
знам:
Space, the final frontier.

Дејан Богојовски
III 12, гимназиско образование

УЧИТЕЛ

Од првиот сончев зрак што ме огрева
од првиот збор реченица што градам
од првиот залак што ми ја храни душата,
од првиот чекор мостови што вознесувам
од првината на себеспознанието си Ти
учител-родител.

Па праг по праг кон мислата што се освојува,
Како страници на буквар
Како оро што се извива
По писокот на зурлата и тапанот
Чекорам леко, чекорам сигурно
зашто ти си тука, отсекогаш тука
пред сите зла, пред сите невремиња
учител-живот.

Нишан како пламен во срце будно
Во мисла на мудро срце на сокол,
Сокол што пие вода од бистрината на родот
Од иконата на истрајвекот.
А светот – зол трн зла копачка
А ти чесна рака, мудра главо
– гордост во распеана душа на дете
учител-преродбеник на векот.

Нина Велиновска
I 4, графичка струка

СВЕТ

Животот – чудна приказна,
приказна со непредвидлив тек
во кој секој има мал век.

Пред портите на овој наш свет
чекориме и се сопнуваме по шарен пат,
пат полн препреки и непочитувања.

Светов наш полн е
со изменети соништа
и чудни слики
каде секој има надеж
добрината да го стигни.

Сакам свет со трева зелена и сино небо,
со куп цвеќиња, љубов и разбирање.

Свет на младите,
свет на шаренилото и еднаквоста,
сакам свет на заслужената среќа.

Рената Димановска
образовен асистент

ГЛУВО ДОБА

Молк...
Молк кој кажува повеќе и од најголемиот
вресок...
Молк кој моли за помош...
Молк кој секоја голтка ја претвора во капка
солза...
Грч...
Грч кој скаменува, парализира.
А, каде си ти цело ова време?
Паметиш ли кој си?
Орелски канџи се закачиле за изгорениот ти врат
и не ти даваат да мрднеш.
Парче по парче кинат од останатата ти кожа,
а ти со последните сили се трудиш да ги откинеш
за повторно да можеш да дишеш.
Ќе можеш ли?
Ќе успееш ли да се сетиш кој си?
Остануваш тивко во ноќта со својата тага...
Можеш ли да ја чуеш?
Да ја чуеш како бара некој да подаде рака,
во ова глуво доба да најде некој
кој ќе го слушне гласниот ти молк
и нема нем да стане, та без збор да си оди
ами зборот како лек ќе ти го даде,
несебично, без да помисли на себе.

Можеби тогаш ќе успееш да се сетиш
и во немата ноќ да пуштиш глас,
онака силно, та нозете да ти се стресат
и душата да ти заигра
чунки тежок е товарот што го носиш.
Можеби тогаш грчот мелем ќе ти стане
и раната ќе ти ја излечи!



Сара Горко I 9, лични услуги
„Месечинска светлина“, темпера



Марија Тиловска III 11, гимназиско образование
„Креирање на универзумот“, акрил во боја

Бојана Димитријовска
II 12, гимназиско образование

СКРШЕНА ПТИЦА

Тој беше
лекот на мојата рана
Неговата прегратка
беше мој дом
Неговата насмевка
беше мојот брег
Но...
сега сум
само осамена птица
без желба за лет
без своето јато.

Милица Димитријовска-Радевска
наставник по Македонски јазик и литература

ЗАМОР

1. ЗАМОР

Што те заморувам и што се заморувам
Со одлуката на науката дека Земјата е рамна
Па, да, рамно е сè
И рамнината како геометриско тело
И патот што си го исправаме пред сите
недоумици
И листот хартија е рамен додека не го
исчкртаме
И изворот е рамен додека не ги разбранува
ветрот
И пожолтениот лист паднат е рамен
додека не го згази чевел
И стапалката е рамна додека не ја изметат
уличните чистачи
И така што те заморувам и што се заморувам
Сè е рамно само дијафрагмата згрчено чека
Да си ја исплакне лутината

2. СРАМ

Се срамам од тоа што сум терезија
Што не ја истегнувам стрелата како другите
Што не коленичам и не плачам

Што не подбуцнувам и не пливам во матно
Што имам два образа, но едно лице

Но срамот не е грев
Срамот е чувство на мерка –
Еј, полека – ме поткоснува скорпијата
Терезијата е во рацете на боговите
И божественото е промисла на Универзумот

Весна Здравковска Трајковска
наставник по Македонски јазик и литература

ДУШИ БЛИЗНАЦИ 11:11

„Душата никогаш нема да се смири,
сè додека не ја пронајде својата втора половина.“
Платон

„Кога Бог соединува, тука нема грешка. Тој соединува луѓе, а не документи. Бог сака соединување на маж и жена во Божји брак, а таквиот брак подразбира исконска љубов, една и единствена. А човекот пак измислил соединување на маж и жена, со документи за брак. Бог на тоа се смее и продолжува да ги соединува душите, но така како што Тој сака. Тој си има Свои причини и начини. А човекот го плаќа данокот заради тоа што се обидува да ја преземе улогата на Бог. Мислите дека душите се соединуваат, така што ќе се земат два листа хартија, ќе се стави врз нив потпис и печат и дека таквото соединување ќе трае за век?! Сигурно цело небо ни се смее на тој немоќен човечки обид за имитирање на Бог. А за тоа време, додека човекот ја слави својата измислена моќ, душите сè уште се слободни и талкаат барајќи се себе си. Го бараат делот што им недостига за да можат да живеат, ја бараат близначката душа за да можат да ја почувствуваат смислата на своето постоење.“
Место посвета

П. С. Јас ништо не измислив. Јас само препишав дел од историјата на љубовта....

(Предговор од романот)

„Некаде таму горе на небото... ангелите се смееја цело утро и цела вечер се смееја. Ги засмејуваше фразата „случајна средба“....

– Случајна средба?!! – од срце, со солзи се смееја...

– Наивни луѓе, ах вие наивни луѓе! Колку сте само наивни... Ние ви дадовме само прилика... Случајности се малку, а среќни – уште помалку. Можеш цел живот да го поминеш, верувајќи во среќа. А ние воопшто не ве соединивме случајно. И што ќе биде, верувајте не е тајна. Случајна средба токму меѓу вас двајцата, а околу вас илјадници други луѓе?!! Вистинско чудо! Се совпаднало времето, патиштата и деновите и вие мислите дека тоа е случајно?!

Треба да се разбере тоа, а потоа де се чува саканата личност и реализираните соништа како зеницата во окото – порачуваа ангелите. Таму на небото, секој понеделник рано наутро се собираат млади и креативни ангели, креативен колектив што им помага на луѓето да ги реализираат своите соништа. Во тимот на ангели, задолжени за планетата Земја, ангелот – менаџер ги чита новопристигнатите барања од Земјата, а останатите ангели ги запишуваат во дневниците. На пример, Ева сака да стане писателка, Давор – познат сликар кој што ќе се збогати преку својот талент, Амелија да ја најде својата сродна душа итн. Потоа, ангелот менаџер вели – Тоа е сè момци, ајде на работа.

И почнуваат.... Смислуваат неверојатни сценарија и приказни. Точно го проучуваат

времето, местото и денот како да го спојат човекот со „случајните луѓе“ во „случајни случки“. Прават план, распоред. Го усогласуваат со сродните групи, на тој начин што на пример Даворовиот сон да не му наштети на сонот на Амелија. Работат огромна работа. Ноќи не спијат, а по завршувањето на секој проект, редовно бараат одмор од шефот. Некој сака да оди во мир во природа, друг да одмара слушајќи небеска музика, трет да си го погали мачето или кучето, четврт да спортува, но за тоа време работи нивната замена. Потоа, завршниот проект ги поминува сите скалила на институцијата, а конечното одобрување го потпишува Бог.

Откако сите инстанци ќе дадат зелено светло, доаѓа денот икс. Тој ден, во календарот е заокружен со црвено. Сè е изгладено и со астролошкото одделение... јарец во скорпија.... сè е како што се очекуваше.

И.....

Давор излегува од дома. Сфаќа дека ги заборава клучевите. Додека се враќа по нив, го пропушта автобусот. Зема такси и сфаќа дека ќе остане без ручек зошто сите пари ќе ги даде за таксито. Нервозен влегува во таксито, а таксистот за да го смири пушта радио. Се емитува известување за отворање на некоја школа за уметници. Таксистот вели – Внука ми има пет години и многу добро црта. Давор одговара – И јас како дете добро цртав. Тоа ми беше сон....

Таму на небото сите гледаат и стегаат палци. Никој не дише, не се поместува.

Давор го запишува телефонскиот број во бележник. Цел тим се радува, отвораат шампањско, аплаудираат и се смеат задоволно...

А вечерта....

Давор доаѓа дома и му го кажува тоа не жена му. Таа му вели – Како го смисли тоа? Од каде ти текна таква глупост?

А Давор – Навистина, што смислив јас? Глупост некоја. Немам цртано од дете. Сигурно таму ќе ми се смеат.

На небото сите извикуваат во еден глас – Што бидна?! Како можеше? Некој театрално ја фрла хартијата, шефот ги вика вработените за да разгледаат што се случи, каде направиле пропуст и кој е виновен. Нема одмор, нема дома, нема природа, ниту галење на миленичето.... нема мир. И овој пат повторно го работат истиот проект, сè додека планот не биде релизиран до крај. И секогаш така, повторно и повторно од почеток.

„Случајности не постојат. Тоа е само псевдоним за Бог, кога Тој не сака да се потпише со Своето име “.

Се надевам дека во овој момент, ангелите горе на небото и за мене отвараат шампањско, откако направија безброј обиди и „случајности“, за да ме натераат „случајно“ да го напишам овој роман.

П.С. Започнат со пишување на 11. 11. 2017 година. „Случајно“?!

Билјана Исијанин
наставник по Ликовна уметност

СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ КАКО НЕПОВРАТНО РАЗГРАДУВАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНОТО

Со појавата на Интернетот се појавија нови дискурси кои беа резултат на задоволството што се случи поради можноста да се влезе во нечија интима. Социјалните мрежи овозможија да се продлабочи прозирноста и површноста, а наместо надзорот за кој пишуваше Фуко се искреира еден нов свет на виртуелната информација во која само по малку се чувствува ефектот на стварното. Наместо пасивен гледач на телевизиски емисии се создаде новиот современ фантом – оној што одлучува кога, каде и кои информации ќе ги конзумира, со што стана предмет на совршена манипулација без да има каква било претстава за тоа. Славој Жижек употребува нов термин за овој феномен – наместо интерактивност – интерпасивност како спротивен концепт на интерактивноста. Според него, објектот е тој што е активен, а не субјектот и дека со интерактивноста се појавува лажна активност – само се залажуваме дека сме активни, но всушност не сме и дека таа ситуација е еден вид фетишизам. Дури и

емоциите може да се префрлат од субјектот на објектот.[†]

Интернетот е медиум кој е надвиснат над животот на современата единка која прифаќа да биде поробена во сопствената привидност за слобода, од желбата да добие одговор на сите прашања, несвесен дека тој е само субјект кој божем зборува, прашува, но секогаш останува без одговор, зашто одговорот се крие длабоко зад мониторот на неговиот персонален компјутер наместо зад огледалото во кое може да го види сопствениот лик. Интернетот ѝ стана реална конкуренција на телевизијата и стана еден разработен систем што на корисниците им дава огромно трајно задоволство. Впрегнати со сиот свој дух (и тело) кон компјутерскиот монитор секојдневно влегуваме во новиот свет каде халуцинантно ги добиваме пораките од кои исчезнала сета смисла и сиот шарм.



Билјана Исијанин,
ВИ генерирана
фотографија, 2023

[*] Slavoj Zizek, Interpassivity on Facebook, The Interpassive Subject http://marcstumpel.wordpress.com/tag/zizek

Со Facebook, Instagram и другите социјални мрежи се случува она што Бодријар го нарекува неповратно разградување на општественото. Тоа се случува поради тоа што настаните прикажани на Интернет се деградирана форма на тој настан. Тие се полоши од ситуацијата во која фотографскиот репортер забележува лица на измачени, гладни луѓе, затоа што овде дури немаме ни реално присуство на настанот. Сите станавме воајери на страдањето на Другиот, без ниту мала желба да помогнеме во одредена ситуација затоа што неможноста за тоа да се направи е однапред утврдена, а со универзализацијата на сите информации, било да се добри, лоши, тажни, мрачни, нападни, повикувачки, непријатни, ние само стануваме сè повеќе неспособни за каква било акција. На Интернет мрежите се повикуваат корисниците за учество во разни манифестации, улични бунтови, за донирање на помош на болни или сиромашни, но ефектот е сè поголема загуба на комуникацијата и сè поголемо атрофирање на нашата способност за емпатија. Затоа што, како би можеле да сочувствуваме со некоја непозната несреќно прикажана личност и притоа да ѝ помогнеме само со испраќање на парични средства преку банка? Социјалните мрежи сè повеќе ја укинуваат социјализацијата и тоа го прават на толку суптилен начин што сите ние, нивни корисници, сме целосно заплеткани во мрежата на оваа небулозна понуда.

(извадок од есеј)

Ири Јефтимова
наставник по Македонски јазик и литература

СЕБЕТРАЕЊЕ

Ако застанат водите
и престанат да течат
јас пак би нашла извор
и би ја пуштила водата.
Кога Сонцето ќе зајде
и Месечината ќе си го пробие патот
јасно ќе биде дека завршено е сè,
а крајот никаде го нема.
Зашто, утре нов ден се раѓа.

Кога јас и ти би биле два брега,
сигурно би се создал мост.
Ти си воздухот, а јас земјата.
Сонцето е над нас.
А што е друго потребно?!
Ти си ѕвезда најсјајна
што ми го осветлува
и просветлува патот.
Кога водите чиниш запреле,
кога ветровите чиниш те одвеле,
кога животот чиниш завршил...
Ако некогаш престанам да творам
и ако некогаш престанам да живеам
тоа ќе биде само едно „затишје пред бура“
оти јас никогаш не се откажувам.

Нова сила надоаѓа чиниш лавина,
а јас стојам како вејка, но цврсто.
Иако се чини дека паѓам,
посилно се закоренувам.
Новиот ден нови лица раѓа,
нови настани, средби.

Јас сум немирен дух
кој вечно трага по нови светогледи.
Каде ќе стигнам и достигнам,
не знам.
Каде ќе појдам и дојдам,
не знам.
Важно е – одам,
а одењето значи траење на постоењето.

Весна Јовановска
наставник по Македонски јазик и литература

КОБОЛ

Има болка што боли,
Има копнеж што копнее,
Но ништо не е како кобол –
Тој притиска, пече, јагленисува...
Тивко, подмолно, кротко, прибрано
Троши дел од душата,
Аби дел од младоста.
И боли повеќе од болка
И копнее повеќе од копнеж.

Марија Јовановска
училишен педагог

ВИСТИНАТА...

Секогаш кога срцето ќе ви чука,
поблиску сте до моментот
кога засекогаш ќе престане.
Секогаш кога ќе помислите на шумата,
ви е жал што на крајот
морате да се вратите на асфалтот.
Секогаш кога ќе трепнете,
ќе поминат неколку моменти
пред повторно да трепнете.
Секој пат кога ќе насмеете некого,
ќе смислите начин како да го повторите тоа.

Секој пат кога ќе станете наутро,
некој го сонува најубавиот сон.
Секој пат кога ќе се разделите со некого,
одново е тешко.
И секој пат е прв.
Премиерата!

Александар Јовановски
II 12, гимназиско образование

РИНГИШПИЛ

Не го губете умот поради некој
на кој не му пречи да ве изгуби

Секогаш ми беше лесно да се врзам за некого,
но и да не размислувам за него повеќе...
тоа беше најлесниот дел.
Но, со тебе некако тоа не е така –
заглавен сум на рингишпил
кој никогаш не запира
и кружи како планетите околу сонцето,
без крај...
И сакам да заврши лошо, толку лошо
затоа што ми се врти до тој степен што мислам
дека нема да излезам жив од ова возење.
Се изгубив кога се обидував да те задржам.
Да продолжам понатаму
не значи дека сум заборавил,
не се брише тоа што го имавме,
само помалку ме боли кога ќе се сетам



Михаела Васкоска I 4, графичка струка
„Љубоморна солза“, цртачка техника, фломастер



Сара Јаневска III 12, гимназиско образование
„Ailurophile“, комб. техника

Александра Марковска
III 12, гимназиско образование

НАДЕЖ

Како свеќа во мракот
душата ти ја загрева
при ветришта силни, бурни
те води низ беспатица.

Кога душата ти е оловна
таа е лек што ја заредува,
и на дното со неа
сомнежот се победува.

Дамјан Митревски
III 12, гимназиско образование

УСПЕХ

Многу пати во животот
мерка за успехот во образованието
се добрите оценки
– тие ни велат ќе нѐ просветлат.
Многу пати сме сведоци на тоа
дека луѓе кои не посветиле внимание
на образованието
си го просветлиле животот
чекорејќи по трнлив пат.
Па затоа се поставува прашањето
и го бараме одговорот на енигмата:
Што е она што нѐ определува?…

Волја, љубов, посветеност,
семејство,
наставник,
општество…

Сите заедно, нераскинливо, сплотено.

Марија Младеновска-Димитровска
училишен психолог

ПИКСЕЛИ

Ги сложувам илјадниците пиксели
на екранот на сеќавањето
и се обидувам да ја составам
избледената слика на времето
и изгубените спомени
во распрсканите пиксели
на расфрланиот живот
како зрна прашина
во еонскиот бескрај на гревот.
Се обидувам да ги сложам
илјадниците пиксели
во растерската слика на вечноста
меѓу физичките координати
на изгубениот живот
во дигиталната безличност
и црно-белата прозирност
на плазмениот електронски приказ
и привид на фантомската реалност.
Ги сложив конечно
расфрланите пиксели во ефемерната
бесконечност,
на меѓугалактичката прашина
меѓу мене и тебе
во маглината од себичности
на нашите изотопски лутања

низ ѕвездените галаксии
и нашите радијантни дивергирања
и нашата ректасцензија
во небесниот координатен систем
на бескрајноста.
Таму ги пронајдов изгубените пиксели
на растерската слика на симулакрумот.

Весна Мундишевска-Велјановска
наставник по графички стручни предмети

ПОТОП

Река од луѓе
ги напаѓа фасадите на старите градби
од главната улица во градот.

Вчекорувам во нивното темпо.

Ме туркаат, ме газат,
ми го оглушуваат слухот,
ми го дробат духот,
а јас трчам гушејќи си го гласот
за да го пресретнам доцнењето
затоа што
мобилниот телефон ми е на 13%,
а градскиот часовник покажува 13:13 часот.

Во аголот на сендвичарницата,
сместена на аголот
од главната улица и градот,
фамилија мравки работи на парче лепче
освоено од чавките.
По 13 секунди, испаничен келнер
со кофа вода ги полева мравките.

Реквиемот на ’рѓосаниот одвод
го шокира најупорната од мравјиот род.

Застанувам ожолтена
пред трепкавото светло
од семафорот на вкрстувањето
на улиците Шеталиште и Голгота.

Се вклучува алармот од мобилниот.

Во главата не престанува да ми звони
одекот на чудењето
што се залепило
до прашалникот од прашањето:
Кога нам ќе ни се случи Потопот
дали како 13-тата мравка ќе се тетеравиме
или
само ќе си ја голтнеме водата
и ќе се удавиме?!

Сара Муратовска
II 12, гимназиско образование

ОТСЕКОГАШ СУМ ГИ МРАЗЕЛА ЦИГАРИТЕ

Отсекогаш сум ги мразела цигарите.
Растејќи гледав како го преземаат
животот на моите блиски.
Се сеќавам дека на 9 години го мирисав
мирисот на изгорена цигара и нечистотија.
Ме потсети на пријателот од детството,
на неговите баба и дедо кои пушеа цигари
и тоа ги оживеа
сите наши спомени и игри во неговата соба.
Се сеќавам на момчето во кое бев вљубена
како пуши цигари
додека не можеше повеќе да дише.
Го мразев вкусот на неговите усни.
Ги пушеше цигарите
само за да ме вознемирува...

Отсекогаш сум ги мразела цигарите.

Ме болеше да гледам
како го преземаат твојот живот.
Се сеќавам дека ти помогнав
да се ослободиш од зависноста.
Веќе не кашлаше, веќе не мораше да се криеш
на секои 30 минути само за да испушиш цигара.

Поминаа месеци и повеќе не сме заедно.
Сè уште се сеќавам на денот
кога некој ми кажа
дека повторно си почнал да пушиш.
Ме растажи како толку брзо го фрли
сиот напредок што го постигнавме.
Не можев а да не помислам на ноќта
што ја поминав седејќи до тебе
во твојата гаража
додека си ја испуши твојата „последна цигара“.

Отсекогаш сум ги мразела цигарите.

Марија Наумовска
училишен правник

МЛАДОСТА И ВРЕМЕТО

Часовникот си чука,
младоста минува.
Со секое допирање на тивкиот ветар
се менува ликот на младоста.
Кога ќе почнеме да го живееме
духот на староста ќе се запрашаме:
„Може ли некој
да ми ја врати младоста?"
Дозволи му на времето
да си игра со спомените,
живеј ги животните предизвици,
не враќај се назад
– никаде не запирај.
Чекори по животната патека
и запри само онаму
каде што ќе заврши таа.



Стефанија Кечеци II 11, гимназиско образование
„Mystic river“, темпера



Славица Наумовска, училишен психолог
„Лето – I“, темпера

Ана Николоска
II 7, градежно-геодетска струка

ТРАГА

Никогаш ништо нема да биде доволно,
секогаш ќе сакаме да бидеме нешто повеќе,
да направиме нешто повеќе,
да носиме нешто повеќе,
да кажеме нешто повеќе,
ама никогаш нема да биде доволно.
Но, не мора да се трудиме
бидејќи тоа што го имаме во нас
секогаш ќе остане
и тоа ни е доволно.
Ако ги искористиме сите бои,
ако ги обоиме сите лисја на душата,
тоа нема да биде доволно
да докажеме кои сме ние.
Дури и кога лисјата покапуваат
и некој ги гази
тоа е знак дека
правиме нешто повеќе,
нешто подобро,
дека
оставаме трага за себе.

Анастасија Огненова
II 12, гимназиско образование

РАЗМАЧКАНА МАСКА

Размачкана маска,
скршени желби и соништа.
Сега сум тука,
во следниот миг ме нема.

Размачкана маска
еднаш –
поглед топол,
еднаш –
поглед студен,
погледи
полни со тага,
погледи
полни со лага,
лага која сакаш
да ја турне болната вистина.

Ах, сме имале нешто заедничко
јас и ти,
болка и спомени
два-три добри дена.

Нешто ме повлече,
не сакаше да ме пушти.
Те повлече и тебе,
па се најдовме на половина.

Кажи ми што мислиш со некој поглед,
кажи ми што мислиш со некој збор,
кажи ми нешто убаво
налик на нота поетична.

Ангела Поп-Гиновска
III 12, гимназиско образование

МИСЛАТА ТИ

Мислам и
пишувам
за тебе,
за будењето на чувствата,
како пролетта што се буди на капката роса.

Твоите костенливи очи – бранувана мисла
што излева немир во срцето.
Твојот топол глас – светулка од мислата
копнежливо што ме води низ темнината.

Во ова неспокојно време,
нашата љубов како оган
спотнува магија.
Ти си тајна лекокрила.
Ти си цветот – ракатка нежности.
Рака за рака, еден до друг
под сводот на сончевината
блажевина обмислена
во танцот на осветлениот круг
на Мислата и Ти.

Марија Сервини
III 12, гимназиско образование

ЖИВОТ

Живот...
Искра надеж во просторот.
Смислата негова ја барам во душата моја,
а таа ми бега,
ко пеперутка мала, лесна во лет...
Ја препознав смислата
во свилените крилја на пеперутката,
во боите сјајни,
во мирисот на пролетта.
Живот...
Зарем толку многу љубов
во тебе има,
што не ми дава да изгубам надеж?...
Дека сепак и денес си убав
и дека и денес сум среќна
во хаосот надвор
и со мирот во мене...



Бојана Димитријовска II 12, гимназиско образование
„Око“, цртачка техника, молив



Мартина Струмениковска I 10, гимназиско образование
„Композиција X“, цртачка техника, молив

Христина Сервини
I 11, гимназиско образование

ДРВОТО НА ЖИВОТОТ

Бледнеат имињата на дрвото,
се забораваат.
Ко зрна од гроздот се откинуваат
и заминуваат.
Гранките се кршат, стеблото тоне.

Светлината на подземјето,
рајот во бесконечноста,
куферите пред портите...
откинаа дел.

Нема прегратка да засолни нечија слабост...
Продолжуваме, талкаме, но не знаеме каде.
Се бориме, победуваме, но не знаеме кого.
Бараме, сакаме, но не знаеме што.
Едноставно – ништо не знаеме.
Ни кажаа сè,
но не и како да се живее без нив.

Вртиме нови страници,
но го нема нивниот ракопис.
Нема ни буква ни патоказ,
нема ни збор ни правец,
нема ни шепот ни надеж,
нема ништо...

Срце ќе пукне, пуста уста не кажува,
глас доаѓа но не се слуша,
ден осветлува, но не е светло.

Ќе речеш доцна е, но изгрејсонце е.
Ќе напишеме песна да однесе поздрав,
ќе пуштиме солза да донесе радост...

Андреј Силјаноски
II 7, градежно-геодетска струка

КОН ЖИВОТОТ

Тргнувам кон животот,
а пред мене две улици,
се распослале пред очите мои
како да сакаат да кажат: ние и двете сме твои.

Чекорам цврсто на земјиното тло,
стигнувам до почетокот на улицата,
а таму пишува „Зло“.

Погледнувам десно преку моето рамо
паралелно се распослала уште една улица само.

Го пуштам мојот чекор смело,
тргнувам кон улицата
да видам какво е ова дело.

Стигнав до еден патоказ
кој не беше за отказ.
Најубавиот збор го прочитав таму,
тоа беа неколку букви само.

На таблата пишуваше јасно,
а јас извикав гласно:
„Бегај од злото и
почитувај го доброто!“

Васка Стојанова
II 7, градежно-геодетска струка

ОЧИ

Се заљубив во очи,
Но судбината како да нѐ урочи.
Те сакам повеќе од себе.
Без тие очи
Овој свет е празен
Овој свет е тажен
Овој свет е студен и лажен.
Во ноќите солзите ме дружат
И бараат прегратки
И бараат време...
Во грч и лага се гушам.
Само „не“
Само големо НЕ
Има
Без тие очи
Во кои целата ме нема.

Емилија Трампевска
III 4, графичка струка

ЗБОР-ИЗБОР

Недела е убав, празничен ден,
за секој човек радосен.

Сонцето по лицето ме гали
и решив да прошетам низ улички мали.

И стари и млади разнолико се движат,
спокојни и ведри, за ништо не се грижат.

Лош збор момче на девојче прати,
душата кревка почна тивко да пати.

Што потреба има лош збор да се употребува?
Не може ли во себе да се чува?

Железни врати отвора само добриот збор,
после тоа среќата е неминовен избор.

Во дните нека тече љубов и весел говор,
радоста на сите нека е непресушен извор.



Ема Ќука,
наставник по ликовна уметност,
„Сино“, акрил на платно

Рецензија

Елизабета Јончиќ

ОЖИВОТВОРУВАЊЕ НА ЗАМИСЛАТА – ДА СЕ ОВОПЛОТИ УМЕТНОСТА ВО РАЗБИРЛИВА СМИСЛОВНОСТ ШТО ГО ВТЕМЕЛУВА ЗБОРОТ КАКО БИТ, КАКО ЦЕЛОСТ, КАКО ОРИГИНАЛНОСТ

Концепцијата на книгата „Осликан збор“ е творечка целина која длабокомисловно проникнува во растеж на потповршински компоненти што го претставуваат основното значење на истоимената синтагма. Обвиена во симболика на навидум едноставна јазична форма на зборот, таа директно, без премолчување, проектира надополнување на најавеното „сликан“, односно „создаден“ со префиксираното „Осликан“, каде се придава особината означена во основата. Што слика зборот? Дали зборот е слика? Дали сликата е збор? Пристапувајќи кон откривање на симболиката добиваме сложени лирски нарации од мисловни и креативни набои. Во нивното средиште се зборот и сликата. Поставени како совршени проекции помеѓу свеста и реалноста, односно помеѓу осознавањето и суштествувањето, зборот живее во сликата и сликата живее во зборот.

Во однос на темите, мотивите и идеите има различност во типот на лирското изразување. Но, точно таа различност одвраќа внимание од вообичаените слики на човековата активност, намерно збунува и упатува на сопствена книжевна постапка во развивање на основата на делото. Рефлексивната лирика е доминантна, па потоа следуваат испреплетувајќи се творби со љубовна и интимна лирика. Во песните со рефлексивна лирика најчесто се опеваат болката, вербата, надежта, смислата на животот.

Книгата е една интересна интерпретација на своевидни искажувања што стремат кон сопствена стилизација. Неа ја сигнализираат насочени структурни елементи. Односно напоредно со лирското изразување, вметнување на уметнички слики што во својата подлога претставуваат целина од јасност и прецизност на асоцијации. Насликаните асоцијации зборуваат со јазикот на зборот и создаваат изненадување и оживотворување на замислата – да се овоплоти уметноста во разбирлива смисловност. Таа смисловност го втемелува зборот како бит, како целост, како оригиналност. Се откриваат неочекувани можности што јазикот ги крие во себе.

Влогот и инспирираната мотивираност на уредниците кон проекција и идејно решение на едно вакво остварување претставува нераскинлива врска на една грациозна посветеност кон своите професии и потполно организирана стручност. Бидејќи, како што може да се забележи, во редакцијата се вклучени стручњаци во своите области кои несебично се вплотени во заедничка констелација со своите ученици сè со цел да се остави ваква исклучителна придобивка, како за учениците така и за училиштето. Исто така, особено е важно што се остава впечатлива трага за идните генерации, да продолжат да ги следат нивните чекори надополнувајќи ги во нераскинливо ткиво на споевите образование – уметност.

Треба да се напомене и тоа дека додатен проблесок на оваа книга е заедничката посветеност на професорите и учениците, што упатува на еден многу важен елемент – квалитетна педагошка справедливост на воспитувачите и умешност да се истакне творечкиот однос на учениците со една целосна поврзаност во нивниот образовен процес.

Содржина

Предговор
ОСЛИКАН ЗБОР 5

Антим Атанасоски
САКАМ ДА РАЗМИСЛУВАМ 8
Дејан Богојовски
УЧИТЕЛ 9
Нина Велиновска
СВЕТ 10
Рената Димановска
ГЛУВО ДОБА 11
Бојана Димитријовска
СКРШЕНА ПТИЦА 14
Милица Димитријовска-Радевска
ЗАМОР 15
Весна Здравковска Трајковска
ДУШИ БЛИЗНАЦИ 11:11 17
Билјана Исијанин
СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ КАКО НЕПОВРАТНО РАЗГРАДУВАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНОТО 21
Ири Јефтимова
СЕБЕТРАЕЊЕ 24
Весна Јовановска
КОБОЛ 26
Марија Јовановска
ВИСТИНАТА... 27
Александар Јовановски
РИНГИШПИЛ 28
Александра Марковска
НАДЕЖ 30
Дамјан Митревски
УСПЕХ 31

Марија Младеновска-Димитровска
ПИКСЕЛИ 32
Весна Мундишевска-Велјановска
ПОТОП 34
Сара Муратовска
ОТСЕКОГАШ СУМ ГИ МРАЗЕЛА ЦИГАРИТЕ....36
Марија Наумовска
МЛАДОСТА И ВРЕМЕТО 38
Ана Николоска
ТРАГА 40
Анастасија Огненова
РАЗМАЧКАНА МАСКА 41
Ангела Поп-Гиновска
МИСЛАТА ТИ 43
Марија Сервини
ЖИВОТ 44
Христина Сервини
ДРВОТО НА ЖИВОТОТ 46
Андреј Сиљаноски
КОН ЖИВОТОТ 48
Васка Стојанова
ОЧИ 49
Емилија Трампевска
ЗБОР-ИЗБОР 50

РЕЦЕНЗИЈА
Елизабета Јончиќ
ОЖИВОТВОРУВАЊЕ НА ЗАМИСЛАТА – ДА СЕ ОВОПЛОТИ УМЕТНОСТА ВО РАЗБИРЛИВА СМИСЛОВНОСТ ШТО ГО ВТЕМЕЛУВА ЗБОРОТ КАКО БИТ, КАКО ЦЕЛОСТ, КАКО ОРИГИНАЛНОСТ 52

Издавач:
СОУ „Таки Даскало“ – Битола
Ул. „Димитар Илиевски Мурато“ бр.37, Битола

За издавачот:
Ристо Грујовски, директор

ОСЛИКАН ЗБОР

Уредник:
Весна Мундишевска-Велјановска

Ликовен уредник:
Љубица Мешкова Солак

Лектор:
Емилија Величкова

Компјутерска обработка и корица:
Весна Мундишевска-Велјановска

Автор на илустрација на корица:
Љубица Мешкова Солак
„Стебла“, масло на платно

Печати:
„Графо Пром“
ул. „Димитар Влахов“ бр.3, 7000 Битола

Тираж:
200 примероци

Битола, април 2023

Copyright © СОУ „Таки Даскало“, 2023

ISBN 978-9989-925-33-7

Миле Атанасоски
Михаела Васкоска
Сара Горко
Сара Јаневска
Билјана Исијанин
Стефанија Кечеци
Љубица Мешкова Солак
Славица Наумовска
Мартина Струмениковска
Марија Тиловска
Ема Ќука

Антим Атанасоски
Дејан Богојовски
Нина Велиновска
Рената Димановска
Бојана Димитријовска
Милица Димитријовска-Радевска
Весна Здравковска Трајковска
Ири Јефтимова
Весна Јовановска
Марија Јовановска
Александар Јовановски
Александра Марковска
Дамјан Митревски
Марија Младеновска-Димитровска
Весна Мундишевска-Велјановска
Сара Муратовска
Марија Наумовска
Ана Николоска
Анастасија Огненова
Ангела Поп-Гиновска
Марија Сервини
Христина Сервини
Андреј Сиљаноски
Васка Стојанова
Емилија Трампевска

СОУ „Таки Даскало“ – Битола



ISBN 978-9989-925-33-7